АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 02-04-2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2624 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 24 март 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 2 април 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   – **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 19.02.2015 година, за непочитување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 3 февруари 2015 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-456, 19.02.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 24 март 2015 година, е констатирано дека **во целост не постапил по решението** за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-456, 19.02.2015 година), односно и понатаму ги прекршува одредбите од член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги (најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот).

Во анализираниот ден програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуваше 7 часа 6 минути и 39 секунди програма изворно создадена во Р.М на македонски јазик, што е 33.31% од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 20 минути и 52 секунди), односно за 1 час 25 минути и 42 секунди помалку од потребниот минимум. 40%, колку што е законскиот минимум за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден во однос на вкупно емитуваната програма што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21:20:52), е 8 часа 32 минути и 21 секунда.

Половина од овој законски минимум е 4 часа 16 минути и 10 секунди изворно создадена програма во Р.М на македонски јазик, што медиумот треба да ја емитува во периодот од 07.00 до 19.00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, програмскиот сервис ТВ Телма на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје емитувал вкупно 2 часа 47 минути и 39 секунди, што е за 1 час 28 минути и 31 секунди помалку од потребниот минимум.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, на 24 март 2015 година, не емитуваше најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик, ниту пак, најмалку половина од нејзе емитуваше во периодот од 07.00 до 19.00 часот.

## 9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 19 февруари 2015 година, Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, не ја отстранило повредата, односно продолжило со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во текот на годината.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка

***Сектор за програмски работи***